ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
СТ.бр.110/11
25.01.2012 год.
В Е Л Е С

**О Г Л А С**

Со решение СТ бр.110/11 од 25.01.2012 год. на Основен суд Велес **СЕ ПОВЕДУВА ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА за испитување на услови за отворање на стечајна постапка над должникот** Друштво за производство, трговија и услуги Мадер Мери експорт-импорт ДООЕЛ Демир Капија со седиште на ул Радњанска бр 29 Демир Капија, со трансакциска сметка бр.270000000662785 во Извозна и Кредитна банка АД Скопје, со трансакциска сметка бр.270000000662785 во Халк Банка АД Скопје, со единствен матичен број на субјектот 6226647, со единствен даночен број 4019007113037, со приоритетна дејност-14.13, производство на друга горна облека.

Се закажува рочиште поради изјаснување по предлогот за отварање на стечајна постапка на ден 22.02.2012 год во 14,00 часот во судница бр.3 на овој суд.

**ЗА ПРИВРЕМЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК СЕ ОПРЕДЕЛУВА** лицето Јордан Ставревски од Велес со моб.тел.071 / 278-810 ул. Љубен Весов бр 128 Велес.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** привремениот стечаен управник да изготви писмен извештај по извршен увид во деловната и книговодствената евиденција на должникот и да утврди дали должникот има движен и недвижен имот, неизмирени обврски спрема доверители, обврски по основ на плата и придонеси од плата, состојба по однос на платени даноци и придонеси, побарување од купувачи, стоки на залиха опрема и инвентар, состојбата на средствата на сметката на должникот дали истата е блокирана, доколку е блокирана основот и висината на блокадата и дали должникот е неспособен за плаќање.

Против ова решение не е дозволена жалба.

Од Основен суд Велес.

Стечаен судија

Валентина Петровска